**КРИСТИНА СВЕТИЕВА** се истакнува како една од македонските најталентирани млади пијанистки и развива широка концертна дејност. Пијано започнува да учи и да настапува на шест годишна возраст. Дипломира во 2006 год. (со „cum laude“ ) на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на проф. Т. Светиев, а магистрира во 2008 год. (со „cum laude“ ) под менторство на проф. Жени Захариева. Во 2010 година ја завршува својата две годишна специјализација на реномираната музичка академија во Париз „ Schola Cantorum“ под менторство на проф. Жени Захариева. Во 2014 год. докторира на Факултетот за музичка уметност – Скопје, под менторство на проф. Жени Захариева.

Кристина Светиева успешно настапува на подиумите низ Македонија (“Охридско Лето”, “Скопско Лето”, “Денови на Македонска Музика”) и надвор од земјата (Турција, Италија, Франција, Бугарија, Шведска, Холандија, Хрватска, Чешка, САД).

Носител е на повеќе високи државни и меѓународни награди и признанија на натпреварите во Италија, Бугарија, Чешка,”Охридски Бисер”, Сан Даниеле, Русалка.

Меѓу бројните нејзини настапи како позначајни се издвојуваат нејзиното деби со Македонската Филхармонија на седумгодишна возраст, а потоа следуваат низа настапи со истиот оркестар, меѓу кои и праизведбата на Концертните етиди за пијано и оркестар од македонскиот композитор Борис Светиев, посветени на Кристина Светиева.

Забележителни се и настапите со оркестарот на Факултетот за музичка уметност, како и учеството на повеќе интернационални музички фестивали меѓу кои: Интернационалниот музички фестивал во Анкара – Турција; Балканскиот Пијанистички Форум во Разград – Бугарија; Интернационалниот музички фестивал во Северен Кипар; Холандски Музички Сесии во Берген – Холандија; Охридско Лето во Охрид – Македонија и фестивалот Златна Лира во Скопје – Македонија.

Исто така има остварено повеќе солистички рецитали во Скопје и низ Македонија , како и во странство, а посебно се истакнуваат нејзините солистички рецитали во Софија, Стокхолм и Париз како и настапот во Њујорк со реномираната првенка на МОБ, сопранот Весна Ѓиновска - Илкова.

Активен учесник е на бројни пијанистички семинари и мајсторски класи каде соработува со бројни еминентни педагози и пијанисти како што се: Н. Штаркман, В. Крпан, А. Португез, Ф. Фолк, П. Донахју, Џ. О'Конор, М. Ф. Буке, Ф. Турисини, К. Сакаи, А. Лемони, М. Каишиге, Т. Каишиге и сите го одбележуваат нејзиниот исклучителен талент и извонредните изведувачки способности.

Во моментот работи како вонреден професор по пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Министерство за Култура на Република Македонија

Ministry of culture of Republic of Macedonia

СОКОМ

# СОЈУЗ НА МУЗИЧКИТЕ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

# PRO MUSICA




**Понеделник,**
**06 ноември 2017**

СМУМ

**Музеј на Град Скопје**
**почеток 20.00 ч.**

## Програма:

**Ф. ПУЛАНК: Соната**

**Прелудиум**
**Рустично**
**Финале**

**Е. ШАБРИЕ: „Бурлескна поворка“ ***

**Е. САТИ: „ Парада“ ***

**„Прелудиум на црвената завеса“**
**„Кинескиот волшебник“**
**„Малото американско девојче“**
**„Рег - тајм на бродот“**
**„Акробати“**
**„Продолжение на прелудиумот на црвената завеса“**

**К. ДЕБИСИ: „Шест Антички Епиграфи“**

**„Повикување на Пан, богот на летниот ветар“**
**„За безимената гробница“**
**„За ноќта, да биде милостива“**
**„За танчарката со тропалки“**
**„За Египќанката“**
**„Благодарност на утринскиот дожд“**

**М. РАВЕЛ: Шпанска Рапсодија**

**„Прелудиум на ноќта“**
**„Малагења“**
**„Хабанера“**
**„Фериа“**

***премиерна изведба**

**ИРИНА НАУМОВСКА КВЕРФУРТ** е родена во Скопје (1983). Нижото и средно музичко образование ги завршила во Музичко-балетскиот училишен центар "И. Н. Луј" во Скопје во класите на проф. Нолчева и проф. Пожарицкаја-Пејсахова. Дипломирала на Факултетот за музичка уметност во Белград (2006) во класата на проф. Јокут Михаиловиќ. Во истата класа ги завршила специјалистичките студии (2007) и докторирала (2014) на ФМУ во Белград со средна оцена 10. Со тоа го стекнала звањето Доктор по музичка уметност.

Во текот на своето школување посетувала семинари, мајсторски курсеви и соработувала со уметниците: Ари Варди, Хироко Накамура, Мишел Бероф, Владимир Вијардо, Наум Штаркман, Павел Нерсесјан, Ноел Флорес, Мати Реакалио, Владмир Троп, Лори Симс, Арбо Валдма и др. Во областа на камерна музика се усовршувала кај проф. Елизабет Вилсон, Жени Захариева и Михаил Цетлин.

Ирина Наумовска Кверфурт настапувала на концерти, натпревари и фестивали во Франција, Малезија, Америка, Јапонија, Италија, Грција, Бугарија, Швајцарија, Шведска, Русија, Австрија, Португалија, Шпанија, Чешка, Германија, Мароко, Србија, БИХ, Македонија и др.

Добитник е на 7 меѓународни награди на натпревари во: Кралството Мароко, Франција, Италија, Србија, Бугарија. Освоила 7 први награди на државни натпревари во Македонија.

Наумовска Кверфурт настапувала на меѓународни музички фестивали во Италија, Салуцо (2000); Охрид (Охридско лето 2002, 2008, 2017); Португалија, Виана до Кастело (2003); Скопје (Скопско лето 1998, 2004); Австрија, Баден (2005); Германија, Гослар (2006); Јапонија, Хамаматсу (2007).

Својот прв солистички концерт го имала во 1997 год. Настапувала со Македонската филхармонија (1998, 1999 и 2014).

Значајни солистички концерти имала во Стокхолм, Гослар, Белград, Хамаматсу, Луцерн - со Швајцарскиот симфониски оркестар "Камерата Швајс" под диригентство на Хауард Грифитс, Виена - со симфонискиот оркестар "Концертферајнинунг" под диригентство на Тицијано Дука во Концертхаус, Фукуока, Окинава, Хакодате, Сапоро, Обихиро, Асахикава, Токио, Фиренца, Валдкирх (1998-2017). Реализирала аудио и видео записи во Јапонија, Малезија, Мароко, Македонија, Швајцарија, Австрија и Србија.

Ги добила и следниве признанија и награди: Награда на градот Скопје "13 Ноември" (1996); "Климентина Рафајловска" (2000); "Олга Михајловиќ" (2005) за најталентиран студент; "Катарина Аќимовиќ" (2006) година за најдобра изведба на клавирска соната; "Емил Хаек" за најперспективниот студент на ФМУ во Белград, (2008).

Била член на меѓународно жири на Интернационалниот натпревар за млади музичари „Охридски бисери“, Охрид (2014). Член е на меѓународната пијано-дуо асоцијација во Токио, Јапонија.